УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ во Скопје
УНИВЕРЗИТЕТСКО СТУДЕНТСКО СОБРАНИЕ

# К О Н К У Р С

**за субвенција на научно-истражувачки трудови од студенти на додиплопмски студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во академската 2025/26 година**

**Скопје, 2026**

Врз основа на Програмата за работа на Универзитетско студентско собрание при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје за академската 2025/2026 година, усвоена на четвртата редовна седница на УСС УКИМ одржана на 05.11.2025 година под точка на дневен ред бр. 7, а усвоена од Ректорската управа на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје на редовната седница бр. 307 на 24.12.2025 година , како и врз основа на одлуката донесена на десеттата редовна седница на УСС УКИМ одржана на 10.03.2026 година под точка на дневен ред бр. 12, Универзитетско студентско собрание при УКИМ распишува:

# К О Н К У Р С

**за субвенција на научно-истражувачки трудови од студенти на додиплопмски студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во академската 2025/26 година**

## Поимник

### Член 1

За потребите на Конкурсот следните термини се формално дефинирани:

1. „Апликација“ е официјален документ поднесен од студент или проектен тим за добивање финансиска поддршка за реализација на проект. Апликацијата мора да биде комплетна, со сите потребни податоци за проектот, вклучувајќи детална методологија, буџет и временска рамка.
2. „Проектен тим“ е група на редовни студенти при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, запишани во академската 2025/26 година, кои се одговорни за целокупната реализација на проектот, вклучувајќи планирање, спроведување на активностите и постигнување на очекуваните резултати во согласност со поднесената апликација.
3. „Лидер на проектен тим“ е редовен студент на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје запишан во академската 2025/26 година, кој е назначен од страна на проектниот тим како одговорно лице за координација на проектните активности. Лидерот е контакт лице за менторот и Комисијата за наука, настава и кариерен развој, го координира работењето на тимот, ја следи временската рамка, обезбедува правилна употреба на средствата со поддршка на единицата на Универзитетот односно Носителот на проектот.
4. „Ментор“ е наставник со наставно-научно или соработничко звање (асистент, доцент, вонреден или редовен професор) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје кој обезбедува академска, методолошка и стручна поддршка. Менторот ја потврдува точноста на научниот пристап и надгледува реализацијата на проектните активности и резултатите.

5. „Носител на проектот“ е факултетот или институтот наведен во апликацијата како официјален носител, на чија сметка се исплаќаат средствата одобрени од Комисијата за наука, настава и кариерен развој. Носителот е одговорен за финансиската и административната евиденција, како и за тоа средствата да се користат исклучиво наменски согласно апликацијата.
6. „Комисија“ е Комисијата за наука, настава и кариерен развој при Универзитетското студентско собрание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, која ја спроведува целата постапка на конкурсот, вклучувајќи проверка на апликациите, евалуација, одобрување на проекти и контрола на правилна употреба на средствата, и која донесува конечни одлуки за сите прашања поврзани со конкурсот.
7. „Буџетски ставки“ се класификација на трошоци наведени во апликацијата и Анекс I на буџетот, со јасна намена, количина и очекуван ефект.
8. „Субвенција“ или „финансиска поддршка“ се средства одобрени од Комисијата за наука, настава и кариерен развој, кои се строго наменски и се користат исклучиво за активности и трошоци предвидени во апликацијата, при што истите не се исплаќаат на лични сметки.

**Цели на конкурсот**
**Член 2**

(1) Поттикнување на студентите на додипломски студии да поднесуваат и реализираат истражувачки трудови со научен, апликативен или уметничко-истражувачки карактер.
(2) Овозможување практично стекнување на научни и стручни вештини преку активно учество во процесот на истражување, анализа и интерпретација на податоци.
(3) Развој на аналитички и критички способности кај студентите преку примена на научно-истражувачки методи и техники.
(4) Поттикнување на интердисциплинарна соработка помеѓу студенти од различни области на студии.
(5) Поддршка на создавање резултати со научен, апликативен или уметничко-истражувачки импакт.
(6) Овозможување презентирање и дисеминација на резултатите од проектите преку учество на завршен настан, публикации или други академски активности.

## Предмет на финансирање
## Член 3

Финансиска поддршка ќе се додели за студентски проекти кои имаат истражувачки или уметничко-истражувачки карактер и се насочени кон создавање нови знаења, методи, прототипи, анализи или други резултати од научна, стручна или креативна природа.

Во рамки на овој повик, предмет на финансирање се следните типови на проекти:

(1) Научно-истражувачки проекти, кои опфаќаат систематски истражувања засновани на научно-методолошки пристап, со јасно дефинирани цели, истражувачки прашања, методологија и очекувани резултати.
(2) Апликативно-истражувачки проекти, кои се насочени кон развој, тестирање или унапредување на конкретни решенија, модели, методи, алатки или софтверски апликации, со потенцијална практична примена.
(3) Проекти за развој и тестирање на прототипи, кои вклучуваат дизајн, изработка, експериментална проверка и евалуација на функционални модели, уреди или технолошки решенија.
(4) Уметничко-истражувачки проекти, кои се заснoваат на истражување во областа на уметноста, дизајнот или сродни дисциплини, при што уметничкиот процес претставува метод на истражување, со јасно дефинирана концептуална рамка, методологија и очекуван резултат во форма на уметничко дело, инсталација, дизајнерско решение или друг креативен исход со истражувачка вредност.

## Финансиски одредби
## Член 4

(1) Финансиските средства доделени во рамки на повикот се строго наменски и може да се користат исклучиво за активности и трошоци кои се јасно наведени во одобрената проектна апликација.
(2) Средствата се исплаќаат единствено на трансакциската сметка на единица односно факултет или институт при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, која е носител на проектот, и во ниту еден случај не се исплаќаат на лични сметки на членовите на проектниот тим.
(3) Следните трошоци не се сметаат за прифатливи и не се предмет на финансирање во рамки на овој конкурс: патни трошоци; репрезентација и угостителски услуги; надоместоци за плати или хонорари; како и други трошоци кои не се директно поврзани со проектните активности, и истите нема да бидат рефундирани.
(4) Максималниот износ на финансиска поддршка по поединечен проект се утврдува во согласност со условите на конкурсот и расположливиот буџет.

(5) Апликантите се должни во рамки на апликацијата да го пополнат **Анекс I – Финансиски план**, кој претставува составен дел од апликационата документација. Во Анекс I детално се наведуваат планираните буџетски ставки, нивната намена, како и образложение за предвидените трошоци. Одобрените средства може да се користат исклучиво во согласност со финансискиот план наведен во Анекс I.

**Подобност на апликантите**
**Член 5**

(1) Апликанти на овој конкурс може да бидат редовни студенти запишани на додипломски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во академската 2025/26 година.
(2) Проектниот тим може да се состои од минимум два (2) и максимум пет (5) студенти.
(3) Секој проектен тим мора да има назначен лидер, кој ја води комуникацијата со менторот, Комисијата за наука, настава и кариерен развој, како и со единицата на Универзитетот, односно факултетот или институтот кој е носител на проектот, со цел обезбедување административна поддршка во однос на финансиското работење поврзано со реализацијата на проектот.
(4) Лидерот на проектниот тим ги координира проектните активности и ја следи правилната намена и користење на средствата во согласност со одобрената апликација и буџет.
(5) Проектниот тим задолжително мора да има назначен ментор кој ја потврдува научната, стручната или уметничко-истражувачката заснованост на проектот и ја следи неговата реализација.
(6) Еден редовен студент може да учествува само во една апликација поднесена во рамки на овој повик.
(7) Ментор на проектниот тим може да биде најмалку еден (1), а најмногу два (2) наставници со наставно-научно или соработничко звање (асистент, доцент, вонреден или редовен професор) на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.
(8) На завршниот настан за презентација на резултатите од проектите, проектниот тим го претставуваат најмалку еден (1), а најмногу двајца (2) студенти членови на тимот.

**Постапка за аплицирање**
**Член 6**

**(1)Апликацијата и Анекс I – Финансиски план** ги поднесува лидерот на проектниот тим по електронски пат на адресата **uss_k_nauka@ukim.edu.mk,** со јасно наведен наслов на проектот во предметот на е-поштата. Наведените документи задолжително треба да бидат потпишани од претседателот на факултетското студентско собрание на соодветниот факултет и заверени со печат од факултетското студентско собрание при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

(2) Проектната апликација задолжително треба да ги содржи следните елементи:

(а) Основни информации за проектот:

- Наслов на проектот, кој јасно го одразува предметот и целта на истражувањето;
- Состав на проектниот тим со наведено: име и презиме, број на индекс, студиска програма, факултет/институт – за сите членови;
- Име и презиме на менторот кој ја надгледува реализацијата на проектот, со наведено академско звање и институционална афилијација (факултет/институт) при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје;
- Контакт информации од лидерот на проектниот тим и од менторот.

(б) Опис на проектот (150–300 зборови), кој ја претставува основната проблематика, научната или стручната основа и значењето на предложеното истражување.

(в) Цели на проектот, со јасно дефинирани научни или стручни цели кои се планира да се постигнат со реализацијата на проектот.

(г) Материјали и методи, со опис на истражувачкиот пристап, применетите методи за собирање и анализа на податоци, како и постапките преку кои ќе се реализира истражувањето.

(д) Очекувани резултати и нивна примена, со опис на очекуваните научни или практични резултати, како и нивното потенцијално значење и можности за примена.

(ѓ) Временска рамка и план на активности, со:

- фази на реализација,
- временски периоди,
- одговорни членови на тимот за секоја активност.

(е) Листа на референци, која ги вклучува изворите користени за подготовка на проектот, соодветно цитирани според академските стандарди.

**(5)** Рокот за поднесување на апликациите е **06.04.2026**

Апликации доставени по наведениот рок нема да бидат разгледувани.

**(6)** Апликантите се должни да обезбедат точност и комплетност на информациите во апликацијата. Недостаток на податоци или некомплетна документација може да биде причина за одбивање на апликацијата.

**(7)** Сите поднесени апликации стануваат сопственост на Комисијата за наука, настава и кариерен развој и се користат исклучиво за процесот на евалуација и одобрување на проекти.

**Административна проверка**
**Член 7**

(1) Комисијата ќе изврши проверка на сите поднесени апликации согласно временскиот рок, со цел да се утврди нивната комплетност, усогласеност со овој повик и точност на поднесените информации. Апликации кои не ги исполнуваат утврдените услови нема да бидат разгледувани за евалуација.
(2) Личните податоци наведени во апликацијата ќе се користат исклучиво за спроведување на овој повик, вклучително за административни, евалуациски и известувачки цели, согласно со Законот за заштита на личните податоци и други релевантни правни прописи.

**Евалуација на апликациите**
**Член 8**

(1) Комисијата ќе ги евалуира сите поднесени апликации врз основа на следни критериуми:

- **Научна и стручна релевантност** – значајноста на проектот во контекст на тековните научни, апликативни или уметнички трендови, како и придонесот за развој на знаење и практични вештини.
- **Квалитет на методологијата** – јасно дефинирани цели, соодветни истражувачки методи, план на активности и опис на очекуваните резултати, со посебен акцент на научна точност и репродуктивност.
- **Изводливост на проектот** – реалистичноста на временската рамка, ресурсите и организацијата на проектниот тим, како и можноста проектот да биде успешно реализиран според планираните активности.
- **Оправданост на буџетот** – логичност, транспарентност и соодветност на планираните трошоци за активности наведени во апликацијата.
- **Очекуван импакт** – потенцијален научен, стручни, апликативни или уметнички резултати, вклучително дисеминација на резултатите преку публикации, презентации или други академски активности.

(2) Комисијата ќе обрне посебно внимание на интердисциплинарни проекти, проектни тимови со членови од различни единици на Универзитетот и проекти кои резултираат со конкретен производ, прототип или апликација, како и на иницијативи со висок потенцијал за практична примена.
(3) Секоја апликација ќе се оценува со максимален број од 25 поени. Апликации кои не постигнат минимален праг од 15 поени нема да бидат разгледувани за финансиска поддршка.

(4) Апликацијата мора да биде целосно оригинална и плагијат не е дозволен. Користењето на алатки за вештачка интелигенција е дозволено до 20% од содржината при што треба задолжително да се наведе изворот и да се објасни придонесот на алатката во подготовката на текстот

(5) Комисијата може да побара дополнителни информации или појаснувања од апликантот заради поточна евалуација, пред конечната одлука за финансирање.

(6) Доколку член на Комисијата има интерес во проектот, како член на проектниот тим или е на друг начин поврзан со апликантот, истиот се иззема од евалуацијата на тој проект, со цел обезбедување на непристрасност и објективност при донесувањето на одлуките за оценување и финансиска поддршка.

**Одобрување и известување**
**Член 9**

(1) По завршување на процесот на евалуација, Комисијата ќе испрати официјално известување до сите апликанти за статусот на нивната апликација на претходно доставениот е-маил за комуникација.

(2) Избраните проекти ќе бидат потврдено одобрени за финансиска поддршка. Средствата ќе се префрлат исклучиво на сметката на носителот на проектот (факултетот или институтот наведени во апликацијата) и ќе се користат согласно утврдените буџетски ставки и цели на проектот.

(3) Апликантите кои не се избрани ќе добијат писмено известување со кратко образложение за причините за одбивање, за да можат да го подобрат својот проект во иднина.

**Временска рамка**
**Член 10**

(1) Проектите треба да се реализираат во периодот **15.04.2026** до **15.10.2026**, според планот доставен во апликацијата.
(2) Промени во временската рамка мора да се одобрат од Комисијата.
(3) За презентација на завршен настан сите одобрени апликанти ќе бидат навремено информирани.

**Лого и промоција**

**Член 11**

(1) Секој документ поврзан со проектот, вклучително апликации, извештаи, презентации и материјали за промоција на резултатите, мора да содржи:

- лого на Универзитетското студентско собрание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, како финансиски поддржувач,
- лого на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и
- лого на носителот на проектот (факултетот или институтот наведени во апликацијата).

(2) Резултатите од проектот треба да бидат презентирани на завршниот настан и да бидат достапни за јавноста преку соодветни канали, при што секогаш мора јасно да се наведува финансиската и институционалната поддршка.

**Извештаи и увид**
**Член 12**

(1) Избраните проектни тимови се должни да доставаат извештаи до крајниот рок **30.10.2026** на реализација на проектот, а пред одржувањето на завршниот настан.
(2) Извештаите треба да вклучуваат:

- **Наративен извештај** кој ги опишува активностите, резултатите и достигнувањата на проектот;
- **Финансиски извештај** со детална документација за употребата на средствата одобрени од Комисијата, согласно буџетските категории наведени во апликацијата.

**Интелектуална сопственост**
**Член 13**

(1) Сите резултати, производи и материјали создадени во рамките на проектот се сопственост на Универзитетот.
(2) При презентирање, објавување или дисеминација на резултатите, задолжително мора да се наведе Универзитетското студентско собрание при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје како финансиски поддржувач на проектот.

**Преодни и завршни одредби**

**Член 14**

(1) Овој конкурс стапува на сила на денот на неговото објавување.
(2) Комисијата има право на измени и дополнувања на конкурсот, при што апликантите ќе бидат претходно известени за сите промени.

**Комисија за наука, настава и кариерен развој**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Адам Стојановски**

**УСС - УКИМ**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ангела Василевска**

**М.П.**

официјален контакт за Конкурсот: uss_k_nauka@ukim.edu.mk